Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за
донесување на ДУП за „АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за „АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3“ Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на 06.09.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1813/1
06.09.2010 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член  26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст, член 20 од Законот за измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 91/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на вонредната седницата одржана на 06.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување  на ДУП за „АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3“  Битола**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за  донесување на ДУП за „АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2  АРМ Четврт 3“ Битола.

**Член 2**

Границите на ДУП за „ АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3  „  Битола се поклопува со наменската зона според ГУП на Битола специјална намена -терени на АРМ и тоа: од север по  осовина на ул. „Партизанска“, од паркингот на Спортската сала до  крстосница на ул. „Партизанска“ со ул..„Студентска“ на запад: граница е осовината на ул. „Студентска“  се до каналот на ХМС „Стрежево“ на југ: границата е наменска зона на АРМ, што е и граница на ГУП на Битола до спој со наменска зона – парковско зеленило и ДУП за „Тумбе Кафе“, на исток:  граница е наменска зона АРМ и ДУП „Тумбе Кафе“ се до река Курдерес  па наменска зона АРМ и ДУП за Индустриски Блок „Југ“ и наменска зона АРМ и ДУП за „Спортско Рекреативен Центар 1 Блок 1“ Битола, каде се затвора опфатот.

Опфатот на ДУП за **„**АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3**“** Битола има површина од  околу 103,6 ха.

**Член 3**

ДУП за „АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3“ Битола се состои од текстуален и графички дел кои се  составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

ДУП за **„**АРМ Четврт 1 АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3**“** Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-1791/3
06.09.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска